Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел дневните настани 05.01.2022

На 05.01.2022 во 00.10 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К.(29) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.01.2022 во 23.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Џ.М.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.01.2022 во 21.10 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.И.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.01.2022 во Полициската станица Струга бил извршен службен разговор со Р.Р.(20) од Струга. За него бил распишан централен распис, поради сомнение дека на 22.12.2021 во Скопје одзел патничко возило „фолксваген голф". со скопски регистарски ознаки, сопственост на Н.Б.(33) од с.Крушопек, скопско. Во полициската станица тој го признал делото. Возилото му било одземено и вратено на сопственикот, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 242 од Кривичниот законик.

На 04.01.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 41 прекршоци, од кои 30 надвор од населено место и 11 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 20 други видови прекршоци, од кои 12 за управување возило без возачка дозвола, 3 за нерегистрирано возило, 2, за управување под дејство на алкохол, 1 за некористење сигурносен појас и 2 за непрописно паркирање.

На 04.01.2022 во периодот од 06.00 до 10.00 часот на подрачјето на СВР Охрид биле спроведени засилени акциски сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 22 возачи на моторни возила кои во населено место управувале со поголема брзина од дозволената (Охрид-10, Струга-08, Дебар-04) и 17 возачи кои ја пречекориле дозволената брзина надвор од населено место (Охрид-07, Кичево-06, Дебар-04).
На 04.01.2022 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени вкупно 24 мерки, од кои 6 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 18 за пречекорување на брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 04.01.2022 во периодот од 06.00 до 10.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле санкционирани 22 возачи, од кои 11 на подрачјето на Радовиш, 5 на подрачје на Струмица, 4 на подрачје на Валандово и 2 на подрачје на Гевгелија. Од нив, 17 ја пречекориле брзината надвор од населено место, а 5 во населено место.

На 04.01.2022 во периодот од 06.00 до 10.00 часот на автопатот Гостивар – Тетово - Скопје и магистралата Гостивар-Кичево, полициски службеници на СВР Тетово спровеле засилена акциска контрола за брзина со која се движат автобуси и минибуси кои вршат јавен превоз на патници. При контролата, биле откриени и санкционирани вкупно 15 ваков вид возила (ТЕ-10 и ГВ-5), кои ја пречекориле максимално дозволената брзина за оваа категорија учесници во сообраќајот. Едно од возилата (ГВ) се движело со 70 километри на час повеќе од дозволеното. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и ќе се соочат со законски предвидените санкции.

На 04.01.2022 во 06.05 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Партизанска" во Штип, патничко возило „фиат добло", со штипски регистарски ознаки, управувано од А.Д.(52) од Штип, удрило во пешакот И.Ц.(43) од Штип. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

Во текот на изминатото деноноќие (04.01/05.01.2022) на територијата на Република Северна Македонија, во однос на мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 17 прекршоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Ж.Г.(55) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на лични податоци" и „уцена". Во втората половина на август 2021 година пријавената набавила фотографии од женско лице од кочанско село со компромитирачка содржина, по што ги покажала на две други женски лица, а потоа ја уценувала оштетената да ѝ даде 5000 евра за да не ги објави фотографиите.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.Ј.В.(50) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во септември 2020 година во с.Радожда, пријавената се сретнала со друго женско лице и се договориле за сума од 500 евра да ѝ направи работна виза за Швајцарија. Оштетената ѝ ги дала парите, но до денот на пријавување С.Ј.В. не направила работна виза, ниту ги вратила парите.

ОВР Неготино поднесе кривична пријава против Р.Ѓ.(22) од с.Тремник, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 18.07.2021, пријавениот одзел платежна картичка на женско лице од Неготино, по што од банкомат, во два наврата, извадил околу 9.000 денари.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против М.Е.(22) од струшкото село Радолишта поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". Тој, на 12.12.2021 во угостителски објект на ул.„Ристо Крле" во Струга упатил закани кон А.Р.(24) од Струга, а потоа го оштетил инвентарот и опремата во објектот.

На 04.01.2022, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода Ј.М.(64) од Кочани, бидејќи околу 12.30 часот во дворно место од неговата викенд куќа, на место викано „Копачите", атар на Кочани, со ловечка пушка усмртил куче. Ловечката пушка „Црвена застава" калибар 16 мм била одземена, а увид извршила екипа од ОВР Кочани. По документирање на случајот против Ј.М. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.01.2022 во 00.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред казино на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Г.С.(50) и Р.М.(37), двајцата од Скопје. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

Денеска (05.01.2022) во 06.01 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во угостителски објект на ул.„Дрезденска", сопственост на В.П.(38) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема.Се работи на расчистување на случајот.

На 04.01.2022 во 19.20 часот во СВР Скопје, А.К.(20) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар, по претходна расправија, бил физички нападнат од Д.И.. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.01.2022 околу 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека под парк шума „Гази Баба" А.Р.(20) од с.Долно Коњари, скопско и А.П.(20) од Скопје биле физички нападнати од неколку лица, кои им одзеле лични предмети. Според пријавеното, лицата употребиле и дрвени предмети и го оштетиле возилото „сеат ибица", со скопски регистарски ознаки, кое го управувал А.Р.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.01.2022 околу 23.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Цветан Димов" три лица со закана кон вработената одзеле пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет